Друштво за производство, трговија и услуги
БЛАГОСТ ДООЕЛ
Бр. 0402-09/18
23.04.2018 год.
РАДОВИШ

AIRNET

ул. " Св.Спасо Радовишки" бб, 2420 Радовиш
канцаларија 077-61 33 77
Тел. 078 239 124; 078 641 954
Email: blagostdooel@yahoo.com

# ДОГОВОР за приклучување и користење на електронска комуникациска услуга (интернет услуга)

Склучен на ден_____________година во Радовиш, помеѓу:

1. ДООЕЛ ,,БЛАГОСТ,, од Радовиш, ул: ,,Св. Спасо Радовишки,, бб со ЕДБ 4023007119156, од едната страна како вршители на интернет услуги, и
2. Лицето ________________________со место на живеење ул. ______________________ град/село ________________ општина ______________, број на л.к. _________________, ЕМБГ/ЕДБ ________________________ од друга страна како примател на интернет услуги.

По извршената проверка за постење техничка можност операторот во рок утврден од негова страна склучува со претплатникот претплатнички договор, при што претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучување на претплатничкиот договор. Операторот ќе ги активира основните услуги кои се предмет на претплатничкиот договор во рок утврден во претплатничкиот договор од кога и започнува плаќањето за активираните услуги кои се предмет на претплатничкиот договор.

При чиста совест, здрав разум, неприсилени од никого, страните го склучуваат овој договор на следниов начин:

Претплатникот е :

а/ Согласен за достава на писменото во електронска форма

б/ Не е согласен за достава на писменото во електронска форма

Член 1

Времетраење на договор и цена на услугата:

- Операторот да му обезбеди на претплатникот на основните услуги неограничен пристап на интернет услуги и тоа 24 часа дневно во периодот на:

12 месеци; 24 месеци; неопределено време; (да се заокружи договореното и да се прецрта останатото) од денот на склучување на договорот.

- При тоа претплатникот се согласува да како надомест на операторот да му ја исплати сумата од _______ денари месечно.

Член 2

Рекламирана и минимална брзина на пренос на податоци:

- Брзината на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream), која ќе им биде обезбедена во најголем дел од времето кога ја користат основната услуга, помеѓу мрежната завршна точката и точката на операторот кадешто тој е поврзан со друга комуникациска мрежа, односно брзината за download во пристапен дел ќе биде ____ Mbps и брзината за upload во пристапен дел ќе биде ____ Mbps, каде брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од претходно дефинираните брзини заради фактори кој влијаат надвор од мрежата на давателот на услуги.

- Брзината на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream), која ќе му биде обезбедена на претплатникот во 95% од времето во текот на еден месец во ниеден случај нема да биде помала од 50% од рекламираната брзина.

- Брзината на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream) ќе можат да бидат проверени од страна на претплатникот на начин на кој ќе го воозможи операторот. Вклучената количина на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream) е неограничен.

Член 3

Опремата потребна да се обезбеди пристап до интернет ја обезбедува операторот и е во негова сопственост со што потпишува договор.

- Операторот како вршител на основната услуга се согласува со условите предвидени во Чл. 1 од овој договор, и како давател на услуги да обезбеди опрема (wiFi UBNT, SXT Mikrotik, WiFi ацес поинт и друга додатна опрема), да ја истата инсталираат кај претплатникот, а како надомест за нивната инсталација и нивната работа кај примателот да им се исплати сума од _______ денари еднократен неповратен трошок за инсталација.
- Операторот не превзема одговорност за квалитетот на интернет услугите доколку корисникот не обезбедил потребна комјутерска конфигурација и оперативен систем за правилно функционирање на интернет услугата.
- Операторот не превзема одговорност при инсталацијата на опремата да инсталира и конфигурира софтвер, оперативни системи и друг вид на хардвер како камера, микрофон, принтер, тастатура и др.
- Корисникот се обврзува да не ја поправа или ракува WiFi опремата на начин кој би довел до нејзино оштетување.
- Операторот се обврзува да врши редовно сервисирање на WiFi опремата.
- Операторот има обврска да го следи вообичаеното однесување на претплатникот при користење на услугата и да го исвести доколку има невообичаено зголемување на интернет сообракај.

Член 4

Член 4 Точка1

- Операторот ќе врши достава на сметки најдоцна до крајот на втората недела од месецот.
- Месечниот надомест за користење на услугата, корисникот е должен да го плати до последниот работен ден од тековниот месец. Висината на месечната услуга е претходно утврдена соодветно избраниот интернет пакет.
- Непримањето на сметката или непоседувањето на сметка од која и да било причина не го ослободува претплатникот од обврската да го плати должничкиот износ во предвидениот рок, односно претплатникот треба сам да побара сметка доколку истата не ја примил на време.
- Операторот има право по e-mail или sms доколку корисникот претходно доставил, пред оваа дата од месецот да издаде потсетување, односно по оваа дата од месецот доколку не е подмирен месечниот надомест да ја намали договорената брзинана услугата на 64к/64к.
- Доколку оперторот ја намали брзината на интернет услуга поради неподмирен месечен надомест, корисникот се обврзува дека и покрај тоа, ќе плаќа месечен надомест по претходно утврдена цена се до раскинување на договорот.
- Во случај на непостапување согласно одредбите на овој член од договорот, давателот на услугите го задржува правото да изврши наплата на паричните побарувања по судски пат.

Член 4 Точка 2

- Во случај на неиспочитување на договореното ниво на квалитет на услуга, операторот врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги (доколку претплатникот ги има намирено своите долгови) за износ пропорционален на деновите кога услугата не била на договореното ниво на квалитет, по писмено пријавување за намалениот квалитет на договореното ниво на квалитет на услуга и истиот не биде утврден и отстранет во рок од 3 часа. Износот ќе биде одбиен во наредната сметка, без тоа да биде побарано од страна на претплатникот;
- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот;

во случај на некористење на услугата не по вина на давателот на услуги, корисникот нема право да бара намалување на износот на сметката.

Член 5

Странките може да го раскинат овој договор:

Член 5 Точка 1

Операторот може да го раскине овој договор во следните случаи:

- Поради повреда и непочитување на условите наведени во претплатничкиот договор.
- Доколку примателот на услугата не се придржува кон член 4 точка 1 алинеа 2 од договорот, односно тековно не ги подмирува месечните надоместоци со висина утврден во член 1 од договорот.
- Во случај на смрт на претплатникот, доколку правото на користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци.
- Во случај кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар.
- Во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна претплатникот за цел спротивна на Законот за електронски комуникации, прописите донесено врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган.
- Доколку опереторот не е во состојба да ги обезбедува интернет услугите поради дејствие на Виша сила подолго од три месеци.
-Доколку операторот не ги исполнува обврските во врска со обезбедување на услугата со ниво на квалитет пропишан со подзаконски пропис на параметри за квалитет на јавните комуникациски услуги без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот.

Член 5 Точка 2

Претплатникот на интернет услугите може да го раскине овој договор во следните случаи:

- Претплатникот може да го раскине договорот во секое време по претходно доставено барање во пишана форма за раскинување на договорот.
- Браањето треба да содржи име, презиме, матичен број на физичко лице или даночен број на правно лице, адреса на претплатникот и датум на раскинување на договорот кој неможе да биде постарок од 5 дена од денот на поднесувањето.
- Договорот се смета за раскинат од датум наведен во барањето за раскинување на договорот доставен од претплатникот.
- Операторот не треба да одбие раскинување на договор по барање на претплатник.
- Претплатникот и по раскинувањето на договорот ќе биде одговорен за сите направени трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.

Член 5 Точка 3

Договор без пенали:

- Доколку договорот се раскине пред истекот на неговото времетраење од потпишувањето, корисникот односно горенаведеното лице не е должно да исплати сума во висина на име "пенали за предвремено раскинување на договор на определено време"за договорите склучени на 12 и на 24 месеци.
- Претплатникот може да го раскине истиот без притоа да му бидат наплатени пенали за предвремено раскинување на договорот, во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор и кога времетраењето на договорот е истечено а претходно не е обновен.
-во други случаи на основан приговор од страна на претплатникот за утврдената неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени електронски комуникациски услуги доколку ги има намирено своите долгови во висина на погрешно задолжување со васкуларна законска казнена камата.

Член 5 Точка 4

Операторот треба да го извести претплатникот во рок не пократок од 30 дена дека истекува времетраењето на претплатничкиот договор треба писмено да го извести претплатникот дека претплатничкиот договор престанува да важи поради истекот на неговото времетраење.

Член 5 Точка 5

Од денот на раскинување на договорот личните податоци на физичкото или правното лице и сите други информации и податоци стекнати за време за која е користена услугата ќе се чуваат за период од една година од денот на издавањето на последната сметка на претплатникот за обезбедените услуги.Операторот треба да се придржува на одредбите на законот за заштита на личните податоци и законот на заштита на потрошувачите.

Член 6

Корисникот на интернет услугите се до денот на откажување на услугите, должен е да дозволи, доколку опремата не му е купена, на операторот да ја демонтира и истата да ја одземе бидејќи таа е негова опрема и истата е ставена само на користење, и не во негова сопственост и по престанокот на истите, операторот е овластен да си ја истата повлече.

Опремата треба да биде вратена во исправана состојба како што и е примена.

Доколку корисникот ја оштети, ја предаде оштетена или воопшто не ја предаде опремата, се обврзува да плати надомест во висина од 4200 денари на направената штета.

Член 7

Операторот може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно писмено известување на претплатникот.

Операторот ќе го извести претплатникот во рок не пократок од 30 дена за сите предложени измени.

Доколку корисникот не се сложува со новите предложени изменети услови на претплатничкиот договорот, во рок не пократок од 30 дена од денот на известувањето може без никакви обврски (пенали) да ја откаже услугата.

Член 8

Операторот му обезбедува приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа или јавно достапни елекронски комуникациски услуги на потрошувач или краен корисник врз основа на склучен договор за приклучок.

Претплатникот има право да поднесе приговор за обезбедувањето на услуги, приговор за износот за кој е задолжен за обезбедената услуга, приговор за квалитетот на обезбедената услуга како и приговор за повреда на одредбите од склучениот договор.

- Приговор се поднесува писмено во просториите на БЛАГОСТ ДООЕЛ ул. " Св.Спасо Радовишки" бб Радовиш (контакт тел 077613377) со наведени факти и докази на кој се заснова истиот.
- Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на настанатата повреда, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот. Приговорот се поднесува во пишана форма и во електронска форма доколку има согласност од претплатникот.
- Операторот по поднесениот приговор ќе изврши административна или техничка проверка врз основа на приговорот.
- Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата односно сметка која не е дел од приговор.
- Операторот е должен на претплатникот да му достави одговор на приговор во писмена форма за основаноста но поднесениот приговор во рок од 15 дена од приемот на приговорот.Како составен дел на претплатничкиот договор се сметаат и образците и анексите склучени помеѓу операторот и претплатникот.За активирање и деактивирање на електронските комуникациски услуги утврдување или менување на тарифниот модел,прдмет на договор и други промени на условите наведени во договорот кои треба да бидат во пишана форма.
- Достава на одговорот на приговор се врши во писмена форма на еден од следните начини:
    - Со предавање од страна на операторот лично на претплатникот;
    - По пошта со препорачана пратка;

- По електронски пат доколку има согласност од претплатникот.

- Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации.

- Доколку не биде постапено по приговорот, претплатникот, има право до Агенцијата да достави барање за разрешавање на спор во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Член 9

-Претплатникот може да овозможи промена на тарифниот модел, доколку ги исполнува условите за користење на тарифниот модел.

-да овозможи користење и на дополнителни услуги, според избраниот тарифен модел на операторот.

-да овозможи преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната комуникациска мрежа, во истото или друго нумерациско подрачје на операторот.

-да овозможи на барање на претплатник пренос на правото од претплатничкиот договор на друг претплатник што ги исполнува условите.

-да овозможина барање на претплатник мирување на претплатничкиот договор најмногу еднаш во календарската година во траење не подолго од три месеци,при што претплатничките договори што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување.

-цена за пакет услуга (неограничен интернет) _______ денари

-цена за почетно приклучување ______

-цена за повторно приклучување ______

-цена за некористен месец (50% од износот на пакетот) _______ денари

Тарифниот модел AIRNET standard 600 денари со downstream ___ Mbps и upsteam ___ Mbps.

Член 10

-Претплатникот има право до операторот да поднесе жалба, барање и приговор во писмена форма во врска со пристапот или обезбедувањето на електронските комуникациски услуги и истите да бидат земени на разгледување и ке се решаваат во најкраток можен рок, веднаш и ефикасно.

-Приговорот до операторот се поднесува во рок од 15 дена од денот на настанатата повреда која е предмет на приговорот,се до донесувањето на конечна одлука (доколку претплатникот не поднесе барање за решавање на спор пред АЕК, тогаш одлуката на АЕК ке биде конечна.

-Операторот на претплатникот ке му достави одговор во писмена форма за основноста на поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на приемот.Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот до Агенцијата за електронски комуникации.Доколку операторот не постапи по приговорот како што е утврдено во овој член,претплатникот има право да побара заштита за своето право пред Агенцијата за електронски комуникации во рок од 35 дена од денот на поднесување на приговорот до операторот.

Контакт центар за информации на Агенција за електронски комуникации број 190.

Член 11

Овој договор е составен во две еднообразни примероци од кои по една за странките.

Член 12

Странките договорија месна надлежност на Основен Суд – Радовиш.

______________________ договорени страни ______________________

ДООЕЛ „БЛАГОСТ„ Радовиш — корисник

АНЕКС на договор

Број _______ од дата __________

Договорените странки од овој договор за користење на интернет услуги бр.__________ од дата _______________ и тоа :

1. ДООЕЛ „БЛАГОСТ„ од Радовиш, ул: „Св. Спасо Радовишки„ бб со ЕДБ 4023007119156, од едната страна како вршители на интернет услуги, и
2. Лицето _________________________ со место на живеење ул. _______________ град/село ________________ општина ______________, број на л.к. __________________, ЕМБГ/ЕДБ ________________________ од друга страна како примател на интернет услуги. При чиста совест,здрав разум, непресилени од никого, го склучуваат овој анекс на

договор кој договор се смета како составен дел на главниот договор и тоа на следниот начин:

Член 1

Странките се согласни опремата која се состои од :

1.______________________________________________________________

2.______________________________________________________________

3.______________________________________________________________

4.______________________________________________________________

5.______________________________________________________________

Дека истата претставува сопственост на давателот на услугите и истиот го задржува правото после раскинувањето на договорот за користење на интернет услуги да ја демонтира и да си ја зема повторно во сопствено владеење,за што операторот ке даде пишан документ.

Член 2

Во случај на оштетување на дел од опремата или на целата опрема а до кое оштетување дошло како резултат на нестручно или недомакинско ракување на истата од страна на корисникот на интернет услугите, истиот со потпишувањето на анекс од договорот се согласува да ја исплати причинетата штета на опремата.

Член 3

Давателот на интернет услуги го задржува правото да бара надомест за оштетената опрема ако со превземањето односно демонтажа се констатира дека истата е оштетена.

Член 4

Странките се согласни како висина на цена на чинење на опремата да се смета онаа цена која ја чини опремата во моментот кога е штетата нанесена, о дносно констатирана.

____________________ договорени страни ____________________

ДООЕЛ „БЛАГОСТ„ Радовиш корисник

AIRNET WiFi
WIRELESS NETWORK & INTERNET
077 61 33 77

TEL: 078 239 124
078 641 954

ул. "св. Спасо Радовишки" 66. 2420 Радовиш



Рекламирана Брзина XX/XX Mbit/s

# Пакет со X услуги

2 Mbit/s

12 Mbit/s

30 Mbit/s

100 Mbit/s

Минимална брзина XX /XX Mbit/s

Со брзината на интернет согласно избраниот тарифен модел може да се користат апликациите Skype, Viber, Torent и сите други апликации.

Вклучената количина на пренос на податоци во двете насоки (downstream и upstream) е со неограничен сообраќај.

Претплатникот може да ја мери брзината што ја добива преку Speed test, односно на www.speedtest.net